Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 6-та седница одржана на ден 10.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предмет оформен врз основа на пријава со број 12-1331/1 од 05.04.2024 година, во која се изнесени сомневања за прекршување на Изборниот Законик, односно дека од страна на директорот на Јавното претпријатие „-----------------------------------„ во -------------------------, по распишување на парламентарните и претседателските избори 2024 година, е поднесен Предлог за покренување на дисциплинска постапка против административниот службеник ----------------------------, кој е вработен во Секторот за јавни набавки во ЈП „-------------------------„ во -------------------------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување.

Предметот со број 12-1331/1 од 05.04.2024 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 05.04.2024 година поднесена е електронска пријава против Јавното претпријатие „------------------------------“ ----------------, во која се изнесени сомневања за прекршување на член 8а од Изборниот Законик и член 34 од Законот за спречување на корупција и судирот на интереси. Подносителот во пријавата наведува дека директорот на ЈП „------------------------------“ ------------------------ поднел Предлог за покренување на дисциплинска постапка за извршен дисциплински престап во јавното претпријатие, против подносителот.
Со цел утврдување на фактичката состојба за предметниот случај, Државната комисија за спречување на корупцијата побара информации од ЈП „-------------------------“ --------------, од

каде не известуваат дека против административниот службеник ---------------------- е поднесен Предлог за покренување на дисциплинска постапка за извршен дисциплински престап број --------/-- од 07.12.2023 година, за кој што е донесено Решение за изрекување на дисциплинска мерка за дисиплински престап број -----------/---- од 25.01.2024 година. По ова решение административниот службеник поднел Жалба со бр.------------ од 31.01.2024 година до Комисијата на Агенција за администрација за решавање во втор степен по жалби и приговори на административните службеници. Комисијата на Агенција за администрација за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, донел Одлука бр.-----------/---/-- од 26.02.2024 година, во која се наведува дека Решението за изрекување на дисциплинска мерка се поништува и предметот се враќа на првостепениот орган за повторно одлучување, при што Комисијата за водење на дисциплинска постапка за утврдување на дисиплински престап, треба одново да спроведе дисциплинска постапка на начин што ќе биде поднесен Нов предлог за покренување на дисциплинска постапка и ќе треба да се донесе и нова одлука. Поради тоа директорот повторно на 28.03.2024 година поднел Предлог за покренување на дисциплинска постапка за истиот дисциплински престап. Истата постапка поради изборниот процес е прекината со Заклучок бр.-----/---/-- од 16.04.2024 година.

Имајќи го во предвид горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување, поради тоа што не се потврдуват наводите на пријавата и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: Ф.Ј.,советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата